| ПРВО ПОЛУГОДИЕ<br>Недела: 5 Час: 2<br>Датум: | | | Тема 2: Механика<br>Рамномерно забрзано движење | | | Клас<br>I - година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Форми (Ц/Г/И) и техники** | | |
| 5<br><br>30 | Да знае да дефинира рамномерно забрзано праволиниско движење<br><br>Да знае да ја изведи равенката за брзина при рамномерно забрзано праволиниско движење<br><br>Да знае да ја изведи равенката за патот при рамномерно забрзано праволиниско движење | Можам да дефинирам рамномерно забрзано праволиниско движење<br><br>Можам да ја искажувам и изведувам равенката за брзина при рамномерно забрзано праволиниско движење и истата ја користам при решавање на задачи.<br><br>Можам да ја искажувам и изведувам | На почетокот на часот ги истакнувам критериумите за успех и ја прегледувам домашната работа. Потоа барам од учениците да ми одговорат на прашањата: Како ги делиме механичките движења според законот на движење? Што е брзина? Како се пресметува брзината при рамномерно праволиниско движење? Како гласи законот на движење на материјалната точка? Која брзина ја нарекуваме средна брзина? Како се пресметува средната брзина? Што е моментна брзина и како се пресметува? Што е забрзување? Се развива дискусија.<br><br>Наставникот ги дели учениците во групи и им задава работна задача: по наведена рамнина која самите ученици ја прават со помош на тврди картони кои се поврзани со клупата пуштаат количиња да се движат при што го мерат времето за кое количето откако ќе дојде на клупата ќе застане | Ц/И<br><br>Ц/Г<br><br>Техника: Пауза за разјаснување, бура на идеи, | Претходно приготвени прашања од страна на наставникот<br><br>Тврди картони, самолеплива трака, метро, штоперка, количка | Прашања, Одговор, Дискусија<br><br>Прашања, Одговор, Дискусија, Резултати од мерења |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | | равенката за пат при рамномерно забрзано праволиниско движење и истата ја користам при решавање на задачи. | на клупата. Потоа се зголемува наклонот на наведената рамнина и истото се повторува. Учениците имаат задача да ја определат брзината со која количето се движи во моментот кога од наведената рамнина преминува на клупата. Се прави споредба на резултатите. Се развива дискусија. Со помош на формулата за забрзување се изведува основната равенка за брзина при рамномерно забрзано праволиниско движење. Наставникот ги насочува да ја стартуваат симулацијата The Moving man со која се работеше и изминатиот час и им задава задача да го истражат забрзаното движење на човекот преку откривање на зависноста на местоположбата од времето. Потоа со помош на формулата за плоштина на трапез се изведува равенката за поместувањето при рамномерно забрзано праволиниско движење<br><br>Задавање на нумеричка задача која учениците самостојно ја решаваат. | ИКТ<br><br>И / Ц | https://phet.colorado.edu/en/simulation/legacy/moving-man<br><br>Работен лист со задача | Самооценување |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка Наставникот поставува прашања, учествува во дискусиите со цел учениците да дојдат до точни заклучоци. Ги дели учениците во 4 групи по 5 ученици им задава работна задача ги контролира и по потреба помага.<br><br>**Групни активности:** Учениците во групи ги извршуваат мерењата, а потоа и пресметките, изведуваат заклучоци со наставникот. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле:** Домашна задача: Решавање на нумерички задачи со брзина при рамномерно забрзано праволиниско движење и нумерички задачи со законот за поместување при рамномерно забрзано праволиниско движење, од учебникот. | Рамномерно забрзано праволиниско движење брзина метар во секунда на квадрат пат забрзување |

didactanova
obrazovanie.literatura.mk

**Работен лист:**

1. Возот се движи со брзина 45 km/h. Машинистот забележува црвен семафор и ги вклучува сопирачките. Колку изнесува патот на сопирање (на кочење) на возот, ако забрзувањето му е 0,8 $m/s^2$?